*Средно општинско училиште*
*“Методи Митевски - Брицо”– Делчево*

# ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Врз основа  на член 130 од Статутот на СОУ „М.М.Брицо„Делчево и Годишната програма за работа на училиштето ,Комисијата изготви

# Правилник

## за однесување на наставниците и другите вработени

член 1

Со овој Правилник се утврдуваат основните професионални компетенции на наставниците и другите вработени  во училиштето

1. Совесно и одговорно да ги извршува  работните задачи и да ги почитува законските одредби и одлуки на органите на училиштето и пошироко
2. Наставникот  навремено да ги изготвува и доставува Годишните и Тематските планирања
3. Стручниот соработник навремеда ги извршува планираните активности
4. Помошно-техничкиот персонал навреме да ги извршува секојдневните активности
5. Наставникот да биде креативен,објективен ,да го мотивира ученикот,да помага на послабите ученици,да биде вешт во квалитетно пренесување на знаењата ,
6. Наставникот да користи нагледни средства и стручна литература ,да создава стимулативна средина за учење
7. Наставникот со учениците да соработува со локалната самоуправа и други училишта во земјата и странство и да се вклучува и прифаќа активности  во проекти.
8. Во комуникацијата со родителите и заедницата да ја цени стручноста и достоинството на колегијална основа,да се воздржува од изнесување на слабости и доверливи податоци од интерес на  училиштето
9. Да се залага за перманентно лично усовршување од соодветната област
10. Да допринесува за зачувување и подигање на кредибилитетот и интегритетот на училиштето  на општинско и државно ниво.

член 2

Овој  Предлог- Правилник влегува во сила од денот на донесувањето на седницата на Наставничкиот совет

Дата:                                                                 Од Комисијата

30.10.2015                                          за претседател Сребран Георгиевски,с.р.